# Медиум

весник за сите средношколци

Петок 26.10.2018 V; година бр. 41

www.medium.edu.mk


ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Марихуана му се нуди на секој петти средношколец





КАДЕ БЕВМЕ?

## Репортажа од филмскиот фестивал за млади „Џифони“

стр. 4



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

## Спојот на рок-звуци и ромски мелос им е формула за успех

стр. 3



## Медиумска лабораторија во Дебар

стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Нова Македонија

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

## ВОВЕДНИК

Цевит Мифтароски, професор по македонски јазик и литература во гимназијата „Здравко Чочковски“ - Дебар



# Време на наставникот

Секојдневен работен ден, завршува последниот час, а со тоа и работниот ден.

Потоа на кафе, пред одење дома со колегите, во блискиот локал каде што често навраќаме. Седнуваме и ни приоѓа еден возрасен црнокос маж, со широка насмевка на неговото лице, всушност газдата на локалот.

Нарачуваме по едно кафе, а тој низ смеа ни го дофрла стариот муабет: „Ех учители! Помина вашето! Бела кошула, црни панталони... умни луѓе бевте некогаш, но помина и вашето!“

Низ смеа со колегите си продолжуваме со секојдневни муабети од типот оперативен план, ИКТ, програми, планирања, писмени работи и слично.

На пат за дома ми се враќа муабетот од газдата на локалот. Си мислам, па во тоа имаше и вистина, но зошто никој не му одговори ништо? А она... време на наставникот?

Јас сум помлад и не паметам, значи имало ВРЕМЕ НА НАСТАВНИКОТ!

А она другото, некако повеќе ме навлече да размислувам, ни вели: „Помина вашето!“

Кое наше? Нашето нели е и негово? Неговите деца, неговите внуци, нели се и тие дел од она што тој вели дека е „наше?“

Многу прашања почнаа да ми се вртат низ глава, но зошто не му одговорив?

Па да, ќе му одговорам.

Не е поминато нашето и сите што така мислат треба да знаат дека не само што не е поминато, туку сега е моментот кога треба да почне, баш сега е погоден момент, но од каде да се почне?

Можеби од домот на оние како тебе, кои треба да поработат малку на воспитниот дел со своите деца, да ги научат да почитуваат, да се одговорни и да научат дека само со добро извршување на обврските и на задачите и оти со дисциплина и посветеност се постигнуваат резултати.

Не дека наставникот е цвеќе за мирисање, но што може еден наставник во еден ваков обезвреднуван образовен систем или време на „наставникот на администрација“ кој е потпрен на правилници за оценување, со електронски и класични дневници, со лоши и избрзано донесени програми, со учебници полни со граматички грешки, учебници полни со дискриминаторски и стереотипни содржини, небаре живееме во 19 век, а всушност во време на дигитализација и паметни телефони.

За учениците и да не зборуваме, каде се изгубени тие во целава оваа приказна, а тие треба да се носители на фабулата во истата.

Треба да ни е јасно дека наставникот најголем дел од својата енергија треба да ја насочи кон наставата и учениците. Да се минимизира административниот дел, наставникот да може во секој момент да побара помош од родителите и од сите кои се во можност да помогнат во мотивирање на учениците, за да учат, за да ги остварат своите поставени цели.

Особено наставникот треба да работи на градење добри луѓе, луѓе кои ќе чувствуваат и сочувствуваат, луѓе со морална одговорност кои ќе ја надминат и заменат потребата од материјално со духовно задоволство, кои ќе се почитуваат едни со други, свесни луѓе кои ќе бидат подготвени за предизвиците во животот и кои на проблемите мотивирано ќе им погледнат в очи, а такви луѓе ќе излезат од училишта во кои има поврзаност и почит еден кон друг, училишта кои ќе асоцираат на сигурност, на топол дом, на разбирање и соработка, на споделување. Таквите училишта ќе помогнат да се создаде општество во кое секој ќе може да ги оствари своите соништа и луѓе кои иднината ќе ја гледаат во родната земја.

# Спортистите од Скопје „растурија“ во Нирнберг



Најдобрите спортски екипи од средните скопски училишта постигнаа одлични резултати на натпреварите во повеќе спортови во германски Нирнберг, каде што нашите средношколци се натпреваруваа со нивните врсници од овој збратимен град на Скопје.

Генералниот резултат кој го постигнаа скопските тимови е шест победи и еден пораз. Тие победија во машка и во женска конкуренција во кошарка и во ракомет, женската екипа оствари победа во одбојка, а машката во футсал. Единствениот пораз го имаше женската екипа во футсал.

Покрај спортските натпревари, учениците од Скопје имаа можност да прошетаат низ Нирнберг и да ги посетат знаменитостите на градот, како и да се дружат во зоолошката градина.

Натпреварите на најдобрите спортски екипи од средните училишта од Скопје во Нирнберг се продолжение на практиката за организирање вакви натпреварувања, какви што во изминатите години се организираа во Истанбул, Ниш, Загреб, Љубљана, Софија и во Белград.

# Учениците порачаа: Не ни го игнорирајте менталното здравје

На креативен начин, по повод 10 октомври - Светскиот ден на менталното здравје, учениците од средното училиште на Град Скопје „Зеф Љуш Марку“ повикаа на издигање на свеста за металното здравје.

За овој ден тие спроведоа проект во кој преку разни перформанси покажаа како од нивна перспектива се чувствува еден средношколец во секојдневниот живот кој се соочува со нарушено ментално здравје.

Со проектот, како што велат, тие сакаа да испратат силна порака до општеството да не се игнорира менталното здравје на младата генерација.

„Живеам во свет каде што убиствата, насилството, семејната злоупотреба, разни вознемирувања и војни стануваат наше секојдневие. Сега веќе онлајн малтретирањата и заканувањата, со еден збор, станаа „хит“ и речиси се користат од страна на сите мои врсници. Каде е светот во којшто живееле моите родители и моите дедовци? Каде се среќните времиња, љубовта, среќата, радоста меѓу луѓето? Што се случи со нас?“, се само дел од размислувања кои ги споделија средношколците.

Со перформанс седење замислен на клупа средношколците испратија порака како изгледа кога мислите на еден тинејџер се измешани како Рубикова коцка, со слика од замислена ученичка во училница зад која се смеат нејзини соученички тие испратија порака дека „никој не може да знае како се чувствува другиот“ итн.

**Канита Ајдини и Нурдане Бајрами, СУГС „Зеф Љуш Марку“**



# Кумановци беа домаќини на ученици од Италија, Шпанија, Турција и Романија

Средношколците и професорите од кумановската гимназија „Гоце Делчев“, на почетокот на месецов една недела беа домаќини на вкупно 22 ученици и девет професори од Италија, Шпанија, Турција и Романија. Кумановци им посакаа топло добредојде со богата културно-уметничка програма, на која настапија и членови на културно-уметничкото друштво „Српски вез“.

Станува збор за посета која се оствари во рамките на програмата „Еразмус плус“, како дел од проектот „Мисли критички, дејствувај мудро“, којшто го доби гимназијата минатата година.

Учениците меѓусебно се запознаа со нивните култури, фолклор и традиција, а одржаа и работилници на тема „Дискриминација“.

Кумановските средношколци во вакви посети беа во неколку држави во изминатиов период, како Италија, Шпанија, Турција и Романија, а наредното полугодие, во март повторно ќе патуваат на средби во Италија.



# Околу 300 средношколци го окупираа Средно Водно

Околу 300 ученици од 15 средни училишта во Скопје на еден ден го окупираа Средно Водно, каде што се одржа петтото издание на манифестацијата „Средношколски игри 2018“.

Под слоганот „Заедно во природа“, на 6 октомври тие се натпреваруваа во повеќе дисциплини како крос, зелени игри, во знаење, во уметнички вештини - цртање и фотографирање, креативно пишување, забава. Целта на оваа манифестација е да се издигне свеста кај средношколците за потребата од нивни редовен престој на отворен простор заради подобрување и унапредување на нивното психофизичко здравје.

Манифестацијата се одржа во организација на ЗГ „Сфера“, а со поддршка на Град Скопје.



Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Дејан Јовески **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО „РОМА РОК СКУЛ“

# Спојот на рок-звуци и ромски мелос им е формула за успех





Рок-музиката важи за една од најслушаните кај младата популација. Таа е и една од најмногу слушаната и најчесто свирената на средношколските забави. Кога хитовите од овој музички правец ќе се преработат или популарно кажано кога на нив ќе се направат „каври“ и ќе се испреплетат со ромски мелос тогаш се добива уникатен спој. Ваквиот карактеристичен микс на нивен својствен начин ни го доловуваат дечките од училишниот бенд „Рома рок скул“ (Roma Rock School). Станува збор за група од седум ученици кои успеваат да ни ја претстават рок-музиката на малку поинаков начин каков што досега и не сме слушнале. Токму затоа важат и за едни од најпопуларните и најслушаните меѓу средношколците во Скопје. Четворица од нив се средношколци, Милјам Хамза (тарабука), Демир Шабан (тарабука) и Ѓолхан Абдиевски (тапани) учат во средното училиште на Град Скопје „Шаип Јусуф“, Емир Јашаров (гитара) е ученик во средното музичко училиште „Илија Николовски - Луј“, а Мемет Демир (саксофон), Омер Шабан (кларинет) и Мелас Сејфулов (гитара) се основци во училиштетот „Браќа Рамиз Хамид“. Првиот концерт тие го имаа лани во декември во еден од најпознатите скопски ноќни клубови.

За нивниот уникатен начин на музика, за досегашното искуство и нивните планови разговаравме со тројца од средношколците кои се членови на бендот, а интервјуто ви го пренесуваме во продолжение.

**Медиум: Колку време постои вашиот бенд и како почнавте да функционирате?**

**Рома рок скул:** Најпрво се пријавивме за една аудиција каде што требаше да покажеме што можеме и што знаеме. Подоцна тие нас нѐ одбраа и го направија нашиот бенд и како таков постоиме скоро една година.

**Медиум: Какво беше чувството кога прв пат настапувавте?**

**Рома рок скул:** Се разбира дека на нашиот прв настап имавме голема трема, а воедно бевме и преплавени од емоции, чувствуваме среќа, радост и малку страв. Ни претставуваше голема чест да настапиме пред толку голема публика.

**Медиум: Какви беа впечатоците и реакциите на кои наидовте кај публиката?**

**Рома рок скул:** Како нова група уште за време на нашиот прв настап оставивме добар впечаток поради несекојдневниот микс од музика и сметаме дека токму поради овој вид музика им се допаѓаме.

**Медиум: Дали се знаевте претходно или музиката ве здружи?**

**Рома рок скул:** Секако дека се знаевме и претходно, но со формирањето на бендот се здруживме уште повеќе.

**Медиум: Дали имате трема пред настап и како ја надминувате?**




**Рома рок скул:** Не, тремата веќе ја заборавивме, не ни претставува веќе проблем, бидејќи успеавме да ја надминеме.

**Медиум: Кој ви е музички идол и инспирација што ве поттикнал да се занимавате со музика?**

**Рома рок скул:** Како наш заеднички идол конректно не можеме да одвоиме еден музичар. Секој одделно започнавме да се занимаваме со музика уште пред да се формира нашиот бенд, па затоа не можеме да посочиме еден конкретен музичар.

**Медиум: Дали свирите авторска музика или повеќе свирите преработки?**

**Рома рок скул:** На нашите настапи постојат варијации од музика. Кога настапуваме најчесто свириме преработки, но не на класичен начин. Под некласичен начин, всушност, сакаме да кажеме дека додека свириме во музиката вметнуваме некои наши елементи, елементи од ромската музика како и дел од рок-музиката. Исто така, досега имаме изработено една авторска композиција која, како и преработките, ја свириме на нашите настапи.

**Медиум: Што правите во слободното време кога не свирите, дали се дружите?**

**Рома рок скул:** Секако дека освен дружбата која ја имаме за време на пробите ние се дружиме и по пробите. Најчесто излегуваме и го користиме нашето слободно време најдобро што можеме.

**Медиум: Дали мислите дека во рамките на образованието треба да има повеќе вакви слободни активности кои ќе ги поврзуваат младите?**

**Рома рок скул:** Да, дефинитивно може да се согласиме дека во рамките на образованието треба да има повеќе вакви активности, бидејќи почнувајќи од самите нас можеме да кажеме дека најпрво ние ја зацврстивме нашата дружба, а воедно успеавме и да создадеме нови познанства со бендовите од другите школи, како и да научиме нешто ново од нив, а и тие од нас.

**Медиум: Каде најчесто настапувате?**

**Рома рок скул:** Немаме некое стандардно место, но од сите настапи што сме ги имале досега може да кажеме дека најмногу имаме настапувано во МКЦ.

**Медиум: Со што сте ангажирани во моментов и дали имате некои планови за во иднина?**

**Рома рок скул:** Засега само можеме да кажеме дека ќе имаме некои настапи во блиска иднина. Но како за подалечна иднина имаме поголема цел: сакаме да се подобриме како музичари, да воспоставиме контакти со повеќе бендови, а како главна цел ни е да се развиеме на поголемо ниво како бенд и да станеме препознатливи по нашиот вид музика.

**Невена Кимова,**
**матурантка во гимназијата**
**„Никола Карев“ Скопје**

РЕПОРТАЖА ОД ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ ЗА МЛАДИ

„КАДЕ БЕВМЕ“

# „Џифони“ го слуша гласот на младите, не им суди и им ја слави креативноста

*Македонското издание на овој фестивал е најважниот што се случува надвор од Македонија, тој е повеќе од гледање филмови, се организира од младите за младите. Тука никој не се срами да каже што мисли, тука секој со секого се спријателува и го покажува својот талент*





Околу 600 ученици годинава беа дел од филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ во Скопје, кој се одржува секоја година. На секое фестивалско издание доаѓаат нови генерации на млади кои не се срамат да го кажат својот став, креативни се и отворени за дискусија.

Годинава е шести пат како се одржува овој фестивал кој е дел од мрежата фестивали на најзначајниот културен настан за млади во светот „Џифони експириенс“ (Giffoni Experience). Настанот е наменет за средношколци од прва до четврта година средно образование, а е отворен и за ученици од шесто до деветто одделение. Во моментов, според извршниот директор на фестивалот, Дарко Башески, „Џифони Македонија“ е најдобриот и најсилниот фестивал во рамките на „Џифони експириенс“.

- „Џифони Македонија“ започна како иницијатива на „Џифони Италија“ за да се направи фестивал во друга земја. Младите во Македонија ја прифатија идејата и ја спроведуваат ефективно последниве неколку години, па директорот Клаудио Губитози реши дека македонскиот фестивал е најважниот настан надвор од Италија на меѓународно ниво - вели Башески.

„Џифони“ е многу повеќе од гледање филмови. Во траење од пет дена, секој кој учествува станува дел од заедницата на „Џифони“. Сите се изолирани од тоа што се случува во надворешниот свет и низ активностите сите заедно ги поминуваат петте дена.

Фестивалот е можност за културно издигнување на младите со гледање филмови кои поттикнуваат дијалог, филмови кои секого го копкаат да размислува поинаку и да открие што тоа се крие зад прикажаните сцени на платното. За време на дискусијата се искажуваат секакви мислења и секое од нив има свое значење. На овој фестивал сите се еднакви, затоа што „Џифони Македонија“ не прави поделби по ниедна основа, ниту религиска, ниту етничка, ниту национална. „Џифони“ и луѓето не ги осудуваат туѓите мислења и на секого му даваат еднаква шанса да се искаже.

- Идејата и пораката се поттикнати од „Џифони Италија“, од креаторот Клаудио Губитози. Фестивалот никогаш не е ист како претходната година, тој се надградува и подобрува. Главниот концепт е искуство, идеја, комуникација и дружење со учесници од сите земји. Тоа размена на идеи и искуства меѓу нациите прави баланс меѓу нив. Тие доаѓаат од различни земји, со различни култури и религии, а сепак едно нешто ги сплотува - филмот - истакнува извршниот директор.

Покрај филмови, на фестивалот се организираат и работилници. Работилниците се поврзани со визуелната уметност, па има работилници за: театар, танц, ликовна уметност и музика за основците, додека, пак, сценарио и креативно пишување, едноминутен филм, костимографија, филмска маска, анимација, фотографија и „уан тејк“ видео за средношколците.

Волонтери и оние кои претходно учествувале на фестивалот ги водат единиците на „Џифони“. Тие се креативниот ум што стои зад активностите во текот на петте дена. Тие координираат и се грижат сè да помине во најдобар ред.

- Во овие години го преместуваме концептот на фестивалот, тој да е за младите, но и да им припаѓа на младите. Добар дел од младите тука се инволвирани во самиот фестивал како волонтери, како модератори и сл. Секоја година фестивалот го унапредуваме со идеи од младите, самите кажуваат што сакаат, програмата се креира од нив. Овдешната филмска програма е избор на најдоброто од „Џифони Италија“ – раскажува Башески.

„Џифони Македонија“ не е нешто за кое може само да се зборува, туку треба да се доживее. Тоа го потврдуваат и учесниците. Тие се оние кои најубаво ги доловуваат целта и пораката како и моќта и можноста што ги дава „Џифони Македонија“.

- На нас младите секојдневно ни се наметнуваат туѓи мислења, туѓи стилови на живот и нашата креативност е ограничена со цел да бидеме онакви како што ни вели општеството. Ваков културен настан ни овозможува нашиот глас да е чуен и почитуван, а нашите таленти и вредности наградени. Ни дава избор и слобода да се истакнеме на полето кое ние ќе го избереме и да покажеме што знаеме и умееме. Ни дава чувство на учество и соработка и ни овозможува да станеме дел од тим, тимот на џифонци - вели Искра Целакоска.



Таа вели дека една од главните цели на фестивалот е учесниците да се пронајдат себеси уште на млади години.

- Преку филмовите, дискусиите и многуте активности достапни за сите деца, покрај тоа што „Џифони“ игра огромна едукативна улога, исто така овозможува секое дете да се забавува и да ги гради своите социјални вештини со врсниците. „Џифони“ пренесува порака за еднаквоста, важноста на пријателството, слободно размислување и љубов. Ја поттикнува креативноста, го стимулира младиот ум да размислува слободно и покомплексно и ги нагласува важноста и влијанието на филмот кај младите. Секоја година „Џифони Македонија“ одлично ги пренесува самиот дух и позитивната енергија на „Џифони Италија“ на македонската младина - нагласува Целакоска.

Искуството од фестивалот е бесценето и за Анастасија Јуруковска, уште една членка на фамилијата „Џифони“ . Како што вели таа, на фестивалот младите си имаат свој посебен начин на разбирање.

- Сите чувства што ги имам сè до максимум. Целата дружба, трчањето низ фестивалот и сè она што се случува поминува со огромна еуфорија. Со сите со кои се запознавам на фестивалот имам посебен начин на разбирање и комуникација, познат само на нас - вели Јуруковска.

Петте дена поминати на годинешното издание како и искуството на учесниците од минатите години недвосмислено ја испраќаат пораката дека „Џифони Македонија“ е фестивал кој ниеден млад човек не смее да го пропушти, затоа што му дава незаборавна можност за креирање критички став, дружење и ослободување на духот и енергијата.

**Автор: Стефан Митиќ, ученик во СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје**



ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Марихуана му се нуди на секој петти средношколец

*Учениците сведочат дека џоинт може да се купи за цена од 300 до 500 денари во зависност од квалитетот и не е тешко да се пронајде. Истражувањата, пак, покажуваат оти марихуана барем еднаш во животот пробале пет отсто од тинејџерите на возраст од 16 години, како и тоа дека најчесто првпат се употребува на 15-годишна возраст*

**Табела 43.** Степен на тежина во обезбедување марихуана

| Невозможно е | Многу тешко | Доста тешко | Доста лесно | Многу лесно | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|
| 54% | 6% | 4% | 7% | 7% | 23% |

**Табела 48.** Користена дрога во текот на животот и во последните 12 месеци

| | во текот на животот | последната година |
|---|---|---|
| Екстази | 2,1% | 1,7% |
| амфетамин | 1,4% | 1,4% |
| метамфетамин | 1,1% | 1,0% |
| Кокаин | 1,5% | 1,2% |
| Крек | 0,9% | 0,9% |

Извор: ЕПСАД 2015

Речиси и да не постои трафика или помала продавничка во која на еден малолетник-средношколец нема да му дозволат да купи кутија цигари. Ретки се и средините, без разлика дали во Скопје или во внатрешноста, во кои не можеш да најдеш дилер ако сакаш да набавиш марихуана. За една, жаргонски кажано „шибица“ од која може да се „замотаат“ до три џоинта, во просек се плаќа од 300 до 500 денари. Јавна тајна е на кои места во градот и од кого можеш да купиш, потребно е само малку да се распрашаш. Уште повеќе загрижува и податокот што препродавачи постојат и меѓу средношколците, па марихуаната станува полесно достапна за тинејџерите.

До ваков заклучок дојдовме откако разговаравме со неколку средношколци од Скопје и од внатрешноста за тоа колку марихуаната и други психоактивни супстанции им се лесно или тешко достапни на младите во Македонија.

- Мислам дека не е воопшто тешко да се набави, ако се сака. Како што сум запознаен, џоинт можеш да купиш за 500 денари, поквалитетен, а можеш и за 300, но тој не е толку квалитетен, бидејќи е мешавина. Знам едно-две места каде и од кого може да се купи, има кафулиња во кои можеш да најдеш некој што ќе ти продаде - раскажува средношколец од Источна Македонија, кој сакаше да остане анонимен.

Некои од нашите соговорници велат дека дрога може да се набави и во училиштата и младите си знаат од кого може да набават.

- Може да се купи и во школо. Постојат и училишта кои ги бие глас дека таму е пораспространета во споредба со некои други, па учениците таму ги нарекуваме „травари“ - вели наша соговорничка од Скопје.

**ПЕТ ОТСТО ПРОБАЛЕ МАРИХУАНА**

Какви се актуелните состојби и кои се најновите трендови меѓу средношколците наредната година се очекува да обелоденат најновиот извештај за употребата на цигари, алкохол и дроги кај училишната младина, што во моментов се подготвува. Станува збор за истражувањето ЕСПАД (European School Survey Project on Alcohol and Other Drugs) кое се спроведува во најголемиот број држави во Европа на секои четири години, а во кое се вклучени ученици на возраст од 16 години. Тоа е поддржано од Помпиду групата при Советот на Европа, како и од ЕМЦДДА (Европски мониторинг центар за дроги и зависност од дроги). Ова истражување во Македонија го спроведува Институтот за јавно здравје, а е поддржано од Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука.

Досега кај нас е спроведено четири пати, а последното од 2015-та покажува дека 5 отсто од средношколците на 16-годишна возраст барем еднаш во животот пробале марихуана. Тоа е под европскиот просек кој изнесува 16 отсто.

Најголем дел од средношколците во Македонија првпат употребиле марихуана на 15 години. Во последната година, речиси 4 отсто од 16-годишниците одговориле дека користеле марихуана, а 2,2 проценти во последниот месец. Почеста е застапеноста кај машките, а кога се во прашање градовите на прво место е Скопје, а потоа Гостивар, Штип и Тетово, па Куманово и Струмица.

Кога станува збор за достапноста на дрогата, интересен е податокот дека на еден од пет ученици им било понудено марихуана.

„Речиси 19,7 отсто од учениците изјавиле дека биле во ситуација да им биде понудено марихуана и да одбијат. За разлика од ова, на прашањето колку пати им било понудено марихуана, вкупно 27,7 отсто одговориле дека им било понудено марихуана. Притоа, најчесто им било понудено во 1-2 пригоди (20,4 отсто) или во 3-5 пригоди (3,6 отсто). Над 10 пати им било понудено марихуана на 2,2 отсто од учениците. Само за споредба, во 2012 година, 12,3 отсто од учениците изјавиле дека им било понудено марихуана без да пробаат (а во 2008 година овој процент изнесувал 9,6 отсто). На прашањето, пак, колку пати им било понудено без да пробаат марихуана, во 2012 година овој процент изнесувал 23,6 отсто. Тоа говори дека се зголемува достапноста на марихуаната“, пишува во извештајот.

Ваквите податоци се резултати добиени од 2.430 ученици на 16-годишна возраст од 82 средни училишта од вкупно 116 на територијата на Македонија.

Во истражувањето учениците споделувале и нивни ставови за тоа колку е достапна марихуаната. Повеќе од половина или 54 проценти одговориле дека е невозможно да се набави, 23 отсто не знаеле, 10 отсто сметаат дека е тешко (многу или доста), а 14 проценти одговориле дека е лесно (многу или доста) да се набави.

**УПОТРЕБАТА НА ЕКСТАЗИ ИСТО КАКО И ВО ЕВРОПА**

Кога се во прашање другите поопасни психоактивни супстанции, кои во медицинскиот речник се познати и како стимулатори на централниот нервен систем, најупотребувана дрога помеѓу оваа популација се екстазите, потоа следуваат кокаин, амфетамин, метамфетамин и крек.

„Инаку, 2,1 проценти од учениците одговориле дека имаат користено екстази во текот на животот, од кои на 1,1 отсто тоа им се случило 1-2 пати во животот. Во текот на последната година, 1,7 отсто од учениците изјавиле дека имаат користено екстази“, покажува истражувањето.

Просекот на употреба екстази барем еднаш во животот од два отсто кај средношколците во Македонија е ист како и оној на ниво на Европа.

## Повеќе од половина мислат дека марихуаната е ризична

Истражувањето ЕСПАД ја претставува и сликата за тоа каков е ставот на учениците за ризикот од употреба на марихуана и други психоактивни супстанции. Така, 52,5 отсто сметаат дека пробувањето марихуана или хашиш (канабис) 1-2 пати е од голем ризик, а дека е со умерен ризик сметаат нешто повеќе од 14 проценти. Со став дека нема или дека ризикот е мал се 9,1 односно 8,9 отсто. Со одговор „не знам“ биле околу 15 проценти.

Кога е во прашање редовното консумирање, процентот на оние кои сметаат дека тоа е голем ризик изнесува 69. Оние со став дека ризикот е умерен се нешто помалку од 7 отсто, додека нема или ризикот е мал одговориле 6,2 односно 2,7 отсто.

Употребата на екстази 1-2 пати во животот како голем ризик го сметаат 49 проценти од учениците, 16,5 како умерен ризик, а 6,5 и 6,7 сметаат дека нема или дека ризикот е мал. Околу 21 отсто не знаеле. Ако е во прашање редовно користење на екстази, оние кои сметаат дека станува збор за голем ризик се речиси 67 проценти, умерен 5,8, додека нема или дека ризикот е мал сметаат 5 односно 1,5 отсто од анкетираните средношколци. Преостанатите одговориле со „не знам“.

## За 6 месеци малолетници имале 17 кривични дела со дрога

Производството и препродажбата на дрога според законите во Република Македонија е кривично дело, а според евиденцијата на МВР во првите шест месеци од 2018 година се регистрирани 397 кривични дела - неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, за кои се товарат 459 сторители. Од овие 17 биле направени од исто толку малолетници.

Во рамките на училиштата, не само за превенција од дрога туку и за личната безбедност, за спречување на насилство меѓу врсниците и на спортски натпревари и други видови девијантно однесување, МВР традиционално го спроведува проектот „Безбедност во училиштата“. Од оваа учебна година, новина се и клубовите за превенција кои ќе се формираат во 15 основни училишта во Скопје во кои преку работилници ќе се обработуваат и теми за зависноста.

„Во рамките на функционирањето на локалните клубови за превенција, преку состаноци и едукативни работилници истите ќе ги третираат сите теми од витално значење за безбедноста на основците: човекови права - детски права; насилство (поим, видови насилство и последици); насилство на спортски натпревари; насилство преку општествени (социјални) мрежи; злоупотреба на пиротехнички средства; семејно насилство; трговија со луѓе; зависности (алкохол, дрога, коцкање и Интернет); безбедност во сообраќајот; улогата на полицијата; матурски и полуматурски прослави“, наведуваат од МВР.

Од полицијата очекуваат дека со овој проект ќе се зајакне довербата меѓу нив и учениците и ќе допринесе за поинаков пристап во решавањето на проблемите, меѓу кои и оние со недозволената трговија и уживањето опојни дроги.

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

# Над Битола и Москва ја фрлија „Магијата на Монмартр“

*Три средношколки од Битола имаа незаборавно искуство во главниот град на Русија, каде што беа поканети на отворање на изложбата во која се претставуваат „бисерите“ на Монмартр, а имаа и можност од прва рака да ја почувствуваат руската култура*









Во очи на Денот на независноста, вечерта на 7 септември, од културниот центар „Магаза“ над Битола се фрли „Магијата наМонмартр“. Станува збор за традиционална ликовна изложба на која се изложуваат дела инспирирани од старата македонска архитектура и пејзажите во битолскиот и охридскиот регион.

„Бисерите“ на Монмартр годинава ги насликаа деца и тинејџери на возраст од 11 до 19 години, во периодот од 23 до 31 мај. Авторите доаѓаат од многу земји од светот како Србија, Бугарија, Украина, Португалија, Хонгконг, Малезија, Тајланд, Турција, Романија, Словачка, Израел како и од Русија, каде што минатиот месец за првпат беше изведена истата изложба - „Магијата на Монмартр“. Таа се одржа во прекрасната Москва, а на неа беа поканети ученички од битолската гимназија „Јосип Броз-Тито“.

Елиза Хенту, Илина Ѓоргиевска и Андреа Коруноска заедно со нивната менторка Елена Хаџи Антонова отпатуваа во Москва каде што имаа можност да се запознаат со тамошната култура. Посетија концерти на класична музика и опера, учеа за руската архитектура и цртаа. Тоа беше доволно силна причина во овој број на „Медиум“ за рубриката „Херојот од мојата улица“ да разговараме со една од младите уметнички кои беа на ова патување.

Изложбата во Москва беше претставена на повеќе локации во центарот на градот, а во текот на овој месец, како што ни откри нашата соговорничка, делата се изложени, ни помалку ни повеќе, во Академијата за акварели и ликовни уметности на Сергеј Андријанов.

**Медиум: Зошто „Магијата на Монмартр“ замина во Москва?**

**Андреа:** Целта на оваа изложба беше прикажување на „бисерите“ на Монмартр 2018. Оваа изложба е традиционална и се одржува секоја година во Битола, а оваа година за првпат се одржа во Москва. Тука може да се видат најубавите дела направени во периодот од 23 до 31 мај.

**Медиум: Која беше целта на вашето присуство на изложбата „Магијата на Монмартр“ во Москва?**

**Андреа:** Целта на нашето присуство во Москва беше да ја отвориме оваа изложба и исто така да учествуваме во истата.

**Медиум: Каде се одржуваше оваа изложба?**

**Андреа:** Главната изложба беше во библиотека во центарот на Москва, но исто така ја имаше и во некои помали простори каде што имаше помалку слики. Од октомври изложбата се претставува и во просториите на академијата за акварел и уметности позната како Академија на Сергеј Андријанов.

**Медиум: Освен отворањето на изложбата, какво друго искуство понесовте од Москва?**

**Андреа:** Имавме часови по уметност на кои цртавме руска архитектура. Исто така, посетивме голем број галерии и музеи на уметност каде што видовме дела на големи ликовни уметници. Бевме на концерти каде што слушавме класична музика и опера. Посетивме и голем број цркви и манастири што се карактеристични за местото.

**Медиум: Како би го опишала со еден збор ова искуство?**

**Андреа:** Ова е едно од тие доживувања за кои е тешко да се пронајде вистинскиот збор. Со еден збор, не е едноставно да се опише она што го видов и доживеав таму. Сè беше фантастично.

**Автор: Миа Дарковска, ученичка во СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Битола**

# Што е со детето, што е со тинејџерот?



Живееме во време кога светот со децении лебди во море од информации, а секој избира во чии води ќе плива и во што ќе верува. Но каде се децата во целиот овој хаос, каде се тинејџерите? Дали тие ги прегрнуваат ставовите на своите родители и лебдат безбедно без да научат самостојно да пливаат или, пак, се закотвени од возрасните за да не отпливаат предалеку?

Детето за родителите е најважното нешто во нивниот живот, но некои детето не го гледаат како четка која со нетрпение очекува да го наслика своето мислење, туку како платно на кое тие треба да ги отсликаат своите ставови кон светот, кон општеството. А правилно ли е да му даваат привидна, лажна слобода, слобода која е таква само во рамките на она што тие - возрасните сметаат дека е вистински начин на размислување?

Треба ли да се омаловажува правото на мислење на детето? Може ли ова да биде сфатено во една превртена смисла - дека така треба да биде, дека не треба да се има мислење, особено не онакво какво што не е одобрено од тој што е „над тебе“?

Тинејџерот е една мала птица која, верувајте, иако е млада, сепак е свесна кога ќе се најде самата во кафез. Тинејџерите желно сакаат да полетаат и да ја најдат сопствената слобода, како и сопственото место во светот. Општеството треба да биде изградено од луѓе кои размислуваат и сами го оформуваат сопствениот став. А како ќе се создадат тие луѓе ако не им се дозволи да се развиваат од мали? И зошто кога тие се во борба да го одбранат својот став, возрасниот ги замолчува со реченицата: „Што знаеш ти - дете си“.

Не е в ред да велиш дека сакаш да го знаеш тинејџерското мислење, а кога ќе го слушнеш заедно со трепетот во нивниот глас да го омаловажиш истото. Не е слободоумност да ги кудиш децата, тинејџерите, дека треба повеќе да го изразуваат своето мислење бидејќи се работи за нивната иднина, а потоа да ги прекоруваш кога ќе се изјаснат бидејќи се - деца. Не е в ред да зборуваш дека се бориш за слобода, а истовремено да ја уништуваш истата.

**Автор: Ана Марија Наумовска, ученичка во втора година во СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Битола**

# Образование?! А бе, ајде!



Македонското образование е нужно зло, длабока, темна пештера во која без да сакаш влегуваш во неа уште од најрана возраст. Како што растеш и созреваш осознаваш дека наместо да се пронајдеш себеси, се губиш во лавиринтот од кој, за жал, нема излез. Не се исклучоци и оние кои мислат дека се пронашле само поради тоа што земале дипломи. Нивното пронаоѓање завршува оној момент кога ќе ги земат в раце. Тогаш сфаќаат дека никој не ги чека со отворено работно место и дури тогаш пропаѓаат во уште подлабока бездна. Дипломата не значи и знаење, искуство, а камоли практична работа за работно место за коешто ја поседува. Овде, секако, не влегува онаа категорија деца чие презиме или „ургенции“ им ја подариле таа диплома. Тие, секако, веќе имаат работа. Но за тоа, се разбира, не е заслужно образованието.

Што правиме со сите други кои остануваат во него? Како тие ќе успеат да се изборат со сето тоа? Дали еден ден од нив ќе се развијат нормални и образовани луѓе? Не би рекла. Честопати размислував дали некој некогаш одвоил барем две минути и размислил како изгледа денот на еден ученик.

Не верувам. Станувате наутро ненаспани, бидејќи цела ноќ сте ја поминале учејќи или размислувајќи за неделата. Одговарате, добивате висока или ниска оценка, завршува денот, а и годината, а со неа и помнењето. Тоа ли е образование?

А што правиме со тоа таканаречено воспитување? Тешко на родителите кои мораат да се справуваат со безобразни соученици, со врсничко насилство, потсмевање, отфрлање од друштвото ако не си фраер. Каде е тука образовниот систем, сите педагози, психолози, професори за кои ние сме само предмети од коишто земаат плата. Време е да сфатат дека ние сме жива материја која знае да се смее, плаче, чувствува, тагува. Но никому за тоа не му е грижа.

Токму поради овие причини „последица“ беше и претставата „Образование?! А бе, ајде!“. Истата не треба да се сфати како нечие исмевање или некој да се навреди од неа, зашто така не би биле ништо подобри од сите кои се вклучени во образовниот систем. Со неа само сакавме да покажеме дека сме живи суштества кои еден ден сакаат да станат луѓе, ама вистински.

Ако не нè „бива“ за математика не значи дека меѓу нас нема некој Пикасо. Од друга страна, пак, ако не знаеме да играме фудбал или тенис не значи дека нема да бидеме први кои со сопствено конструирано летало сме ја посетиле Месечината или некоја друга планета. Затоа не ни ги кратете крилјата. Не се сите од нас „феникси“ кои можат да се издигнат од сопствената пепел. Не дозволувајте образовниот систем да нè изгори. Дозволете ни да бидеме тоа што сме и запознајте нè, бидејќи го заслужуваме тоа.

Сепак ние сме младината од која зависи иднината на оваа држава.

**Автор: Деница Ангеловска, ученичка во СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје**

# Недостатоци во нашето образование



Образованието е нешто што се задржува за цел живот. Стекнувањето добро образование може да влијае врз личниот живот, врз животот на заедницата и целата генерација. Оттука се јавува потребата да бараме што не чини суштински во образованието, во општествените вредности, во она што се смета за морално исправно. Затоа треба да бидеме што е можно пообјективни и не треба да глумиме дека го поддржуваме, ако сакаме, нели, да го „преживееме“ образовниот процес.

Да почнеме од тоа дека образованието треба да биде темел на општеството. Оттука произлегува фактот дека во него треба да работат најквалитетните кадри кои ќе бидат добро мотивирани и платени и на тој начин ќе се подобрат многу работи во државата. Токму тоа се едни од неколкуте недостатоци во нашето образование, односно мотивацијата и плаќањето, што значи дека наставните кадри треба да се подобро платени. Покрај ова, како недостатоци исто така можат да се вбројат и: лошите работни услови, руинираните училишни објекти, оштетениот и амортизиран инвентар, лошата хигиена во училиштата, недоволната употреба на нагледни средства и електронски помагала. Сите овие недостатоци треба да се земат во обсир и да се решат на соодветен начин.

Како друг недостаток треба да се спомене и употребата на мобилни телефони за време на часовите. По примерот на Франција, и кај нас треба да се забрани употребата на телефоните додека трае наставата и таа забрана треба да се однесува и на учениците, но и на професорите. Пет-шест часа во денот сите можеме да издржиме без телефон.

На децата им се дава премногу домашна работа, иако тие на училиште се во целодневен престој, кој подразбира завршување на најголем дел од обврските таму. Премногу домашни доведува до непродуктивност и намалување на креативноста. Домашната работа е позитивна и ефективна, меѓутоа само доколку таа се дава контролирано и во граници на сработеното.

Кабинетите треба да бидат опремени за кабинетска настава и 90 отсто од наставата треба да се одвива во нив, а домашните да бидат намалени според примерот на некои скандинавски земји кои целосно ги имаат исклучено домашните обврски и само проектите ги обработуваат дома.

Учењето низ игра и поттикнувањето на креативноста мораат да бидат повеќе застапени во училиштата и на бесплатните учебници да се гледа како на позитивна работа која не треба да се злоупотребува.

Исто така, треба да се зголеми посветеноста на учениците во наставата и нивната лична свест кон образованието и едукацијата да порасне.

**Автор: Стефан Илиовски, ученик во гимназијата „Здравко Чочковски“ - Дебар**

Коалиција за медиумска писменост

# Медиумска лабораторија во Дебар



Околу педесет ученици од гимназијата „Здравко Чочковски“ од Дебар учествуваа на тринаесеттата медиумска лабораторија што ја организираа Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и дневниот весник „Нова Македонија“.

На двочасовната активна работилница учениците се запознаа со основите на новинарството, техниките за пишување новинарска вест, а се дискутираше и за новинарските професионални стандарди во Македонија.

Ова предавање го одржаа Александра Теменугова од Високата школа и Марјан Велевски, уредник во „Нова Македонија“, со цел да се издигне медиумската писменост во средното образование што се реализира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“, финансиран од ЕУ.

## СОВЕТУВАМЕ:

### Совети за инстаграм-блогери

1. Одбери тема за твојот инстаграм блог и држи се до неа. Но една тема не значи дека секоја објава мора да биде исто направена.

2. Името на блогот е важно, затоа одбери интересно и уникатно име за инстаграм блогот кое одговара на темата за која блогираш. Ако веќе имаш блог или Јутјуб канал, користи го истото име.

3. Фотографиите се најважни. Инстаграм е платформа која примарно се потпира на фотографии, затоа внимавај фотографиите што ги објавуваш да се квалитетни.

4. Не ги заборавај видеата. Иако се дозволени 60-минутни видеа, колку се пократки видеата толку се поголеми шансите твоите следбеници да ги изгледаат докрај.

5. Раскажувај приказни. Инстаграм стори (Instagram Stories) и Инстаграм слајдшоу (Instagram Slideshow) се одлична можност да ја раскажеш својата приказна.

6. Не претерувај со употребата на хаштази и користи ги оние кои се релевантни за она што го објавуваш.

7. Објавувај редовно. Конзистентноста е клучна за успешен инстаграм блог. Редовното објавување помага во градење активна публика која ќе биде свесна за вашиот ритам и навики за објавување.

8. Следи, лајкувај и тагнувај влијателни инстаграм профили. На тој начин публиката полесно ќе го открие твојот блог.

9. Одржувај постојана интеракција со твојата публиката. Не ги игнорирај нивните коментари, одговарај на нивните прашања и вклучи ги во твоите објави.

10. Описот на објавите е важен колку и самата фотографија или видео.

## Стрип




## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Конкурс за најдобро видео на тема „Растот на популацијата“

Програмата „Едукација на населението“ (Population Education) ги поканува сите млади креативци да учествуваат со свое кратко видео на видеоконкурсот на тема „Растот на популацијата“. Видеата треба да бидат долги најмногу 60 секунди и да се однесуваат на тоа како порастот на човечката популација влијае на зачувувањето на биодиверзитетот, на употребата на ресурсите или врз заштитата на човековите права. Победникот на натпреварот ќе добие парична награда во износ од 1.000 долари, второпласираниот 500 долари, а третопласираниот 250 долари. Пријавувањето за конкурсот трае до 28 февруари. Повеќе информации на https://www.worldof7billion.org/student-video-contest/.

### „Фридом прајз“- награда за борците за мир и слобода

Регионот Нормандија, мрежата „Канопи Нормандија“ (Canopé Normandie) и Меѓународниот институт за човекови права и мир ги покануваат сите млади на возраст од 15 до 25 години да предложат личност или асоцијација кои се активни борци за слобода. Наградата „Фридом прајз“ (Freedom Prize) цели кон тоа да ја издигне свеста за овие случувања како и да ја запознае пошироката публика со личностите и асоцијациите кои секојдневно се заложуваат за слобода. Концептот на наградата се одвива во три етапи, младите ќе учествуваат во целокупниот процес. Пријавувањето за конкурсот трае до 15 јануари 2019 година. Повеќе информации на http://normandie-macedoine.org/mk-mk.

### Конкурс за поезија „Магма 2018“

Списанието за поезија „Магма“ ги повикува сите млади поети да учествуваат со свои поеми на овогодинешниот конкурс за најдобра поема „Магма 2018“. Учесниците можат да учествуваат со повеќе поеми и во двете категории: Избор на уредниците и Избор на судиите. Поемите не смеат да бидат претходно објавувани. Победникот на натпреварот ќе добие парична награда во износ од 1.000 фунти, второпласираниот 300 фунти, а третопласираниот 150 фунти. Пријавувањето трае до 12 јануари 2019 г. Повеќе информации на:
https://magmapoetry.com/magma-2018-19-competition-open-for-entries/.